09-1691/7
12-06-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница, одржана на 22.05.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Пријавата со бр. 09-1691/1 ОД 07.04.2026 година, СЕ ОТФРЛА поради ненадлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата да одлучува за изземање на јавни обвинители во конкретни кривични предмети.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1691/1 од 07.04.2026 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител, со наводи дека службеното лице -------------, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, не се изземала од постапувањето во предмет поврзан со Македонската академија на науките и уметностите, (во натамошниот текст МАНУ) и донела Решение со бр. IV КОЖ1 бр. 43/26 од 23.02.2026 година. Според наводите во пријавата, службеното лице ги прекршило одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде што е регулиран судирот на интереси, членот 7 став 1 од Законот за јавното обвинителство и членот 38 став 1 во врска со членот 33 став 2 од Законот за кривичната постапка, каде што се предвидени одредбите за изземање на судии и судии-поротници, а кои соодветно се применуваат и врз јавните обвинители.

Подносителот на пријавата наведува дека до Основното јавно обвинителство Скопје имал поднесено пријави во врска со работењето на МАНУ во 2023 година, раководена од тогашниот претседател -------------. Од страна на Вишото јавно обвинителство Скопје

било донесено Решение со бр. IV КОЖ1 бр. 43/26 од 23.02.2026 година, потпишано од страна на јавниот обвинител ---------, со кое се одбива жалбата што подносителот ја изјавил против Решението од Основното јавно обвинителство Скопје КО бр. 1839/25 од 23.12.2025 година.

Според наводите од пријавата двајца членови од Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд со наслов „----------- – (-----------)" на службеното лице -----------, одбранет во јули 2024 година на Универзитетот „Св. -----------" – Правен факултет „--------" – Скопје, се академици на МАНУ, и тоа академик проф. д-р -------- и академик проф. д-р -----------, која била и ментор на докторскиот труд. Според подносителот, со овие две лица – академици во МАНУ, службеното лице ---------- има развиено професионална поврзаност која создава приватен интерес.

Државната комисија, по разгледување на пријавата оцени дека суштината на пријавата се однесува на прашањето дали конкретниот јавен обвинител требало да биде изземен од постапување во предметот и дали биле исполнети законските услови за негово изземање.

Прашањето за изземање на јавен обвинител од постапување во конкретен предмет претставува процесно прашање уредено со Законот за кривичната постапка, согласно кој се води постапката. Во овој закон прецизно се утврдени како причините за изземање, така и надлежниот орган кој е овластен да одлучува за изземањето на јавен обвинител.

Имено, согласно член 38 став 1 и 3 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ" бр.150/2010; 100/2012; 142/2016; 193/2016; 198/2018):
„(1) Одредбите за изземање на судии и судии - поротници согласно ќе се применуваат и врз јавните обвинители, освен во случаите кога постои основот од членот 33 став 1 точки 4 и 5 на овој закон.
(3) Јавниот обвинител на јавното обвинителство одлучува за изземањето на јавните обвинители во јавното обвинителство. За изземањето на јавниот обвинител на јавното обвинителство одлучува јавниот обвинител на непосредно повисокото јавно обвинителство."

Исто така, евентуалното непочитување на правилата за изземање од страна на јавен обвинител претставува прашање за кое Законот за јавното обвинителство предвидува соодветни механизми на контрола и дисциплинска одговорност во рамките на јавнообвинителската организација и Советот на јавните обвинители.

Согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија постапува по предмети од својата законска надлежност кои се однесуваат на спречување на корупцијата и судирот на интереси, но нема законска надлежност да одлучува за изземање на јавни обвинители во конкретни предмети, ниту да ја преиспитува правилноста и законитоста на процесните одлуки донесени во постапките што се водат согласно Законот за кривичната постапка.

Со оглед дека наводите во пријавата во суштина се однесуваат на прашањето за постоење основи за изземање на јавен обвинител во конкретен предмет, за кое одлучуваат органите определени со Законот за кривичната постапка, Државната комисија оцени дека не е надлежна да постапува по поднесената пријава.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК.
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk